# ПОЛИТИКА
## ЗА НЕДИСКРИМИНАЦИЈА И ЗА ПРОМОВИРАЊЕ РАЗЛИЧНОСТ, ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ И ИНКЛУЗИЈА

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

# ПОЛИТИКА
## ЗА НЕДИСКРИМИНАЦИЈА И ЗА ПРОМОВИРАЊЕ РАЗЛИЧНОСТ, ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ И ИНКЛУЗИЈА

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

*Здравјето пред сè*

Врз основа на член 119 од Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, на предлог на Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, а во согласност со член 203 и со член 204 од Статутот, Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, на седницата одржана на 26.4.2024 година, ја донесе следната

# ПОЛИТИКА ЗА НЕДИСКРИМИНАЦИЈА И ЗА ПРОМОВИРАЊЕ РАЗЛИЧНОСТ, ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ И ИНКЛУЗИЈА[1]

## Вовед

Ние во АЛКАЛОИД се заложуваме за обезбедување еднаков третман за сите наши вработени и спрема сите да се однесуваме со почит и со достоинство.

Како компанија веруваме во важноста на еднаквите можности за сите вработени, како основа за успешна, продуктивна и за одржлива работна средина. Застапуваме политика на недискриминација на сите основи и, во согласност со нашите клучни вредности, ја промовираме различноста со восхит и со емпатија, независно од потеклото, националната/етничката и религиската припадност и уверување, од возраста, јазикот, расата, верата, од полот и родот, здравствената состојба, брачниот и социјалниот статус, од политичкото убедување, сексуалната ориентација, вредностите и од интересите.

Спроведуваме политика на еднакви можности и на еднаков третман за сите вработени, создавајќи атмосфера во која секој вработен има можност да ги покаже своите вредности, а со тоа да придонесе за поголем компаниски успех.

## Одговорност

Нашиот врвен менаџерски тим има целосна одговорност да овозможи услови за спроведување на оваа политика и специфична одговорност да обезбеди нејзина правична примена.

Сите вработени се должни да се придржуваат до оваа Политика и да се осигураат дека нивните постапки се во согласнот со неа.

## Нашиот пристап

- Оваа Политика ја применуваме за да обезбедиме еднакви можности и избегнување дискриминација, во сите аспекти на дејствување, спрема нашите идни и моментални вработени, опфаќајќи ги процесите на регрутација и селекција, управување со таленти и развој на вработените, на плати и награди, бенефиции, дисциплински мерки и на престанок на работниот однос.
- Како глобална компанија, АЛКАЛОИД со својата распространетост во повеќе земји се стреми кон почитување на различностите на секој поединец. Ги препознаваме разликите кај луѓето како шанса да научиме нешто ново и да им пристапуваме поинаку на работите.
- Во секојдневната комуникација, како и при изборот на соработници, партнери, клиенти и на кандидати за вработување застапуваме политика на недискриминација на сите основи, во согласност со нашите клучни вредности.
- Сите вработени во компанијата, без разлика на начинот на ангажирање, еднакво се третираат и ги уживаат сите основи права, во согласност со законските прописи.

## Регрутација и селекција

- Во процесот на регрутација и селекција се водиме според принципите за еднакви можности и за недискриминирање на која било основа, а врз основа на претходно утврдените објективни критериуми за работната позиција.
- Овозможуваме транспарентен начин на аплицирање за сите кандидати кои покажуваат интерес за работа.
- На кандидатите за вработување, во текот на процесот на регрутација и селекција, не им поставуваме прашања кои алудираат на дискриминација на која било основа.
- Сите нововработени задолжително треба да доставаат исти документи пред процесот на вработување, во согласност со позитивните законски прописи, кои натаму можат да се обработуваат во согласност со потребите на компанијата.

## Развој на вработените

- Ги идентификуваме потребите од обука и на сите вработени им даваме соодветен пристап за обуки, со цел личен развој и напредок во организацијата.
- Компанијата обезбедува еднакви можности за унапредување и за кариерен развој на сите вработени, недискриминирајќи на ниту една основа, само врз основа на постигнатото.

## Еднаков надомест

Обезбедуваме еднаква плата за иста работа кај сите вработени недискриминирајќи на ниту една основа.

## Придобивки

За сите вработени во компанијата се обезбедени еднакви услови за остварување на правото на придобивки, во согласност со исполнувањето на критериумите предвидени за нив.

## Престанок на работниот однос и пензионирање

Сите политики за престанок на работниот однос и за пензионирање се спроведуваат врз основа на позитивните законски прописи и интерни политики, без дискриминација на ниту една основа.

## Попреченост за работа

Ги охрабруваме сите наши вработени кои имаат здравствена попреченост и кои не можат да извршуваат определена работна активност да го пријават тоа кај својот непосредно претпоставен. Како компанија, заедно со нашите специјалисти по медицина на трудот, внимателно ќе ја разгледаме состојбата и ќе направиме приспособувања кои би помогнале состојбата да се минимизира или целосно да се надмине.

## Механизми за пријавување

АЛКАЛОИД ги охрабрува своите вработени и сите засегнати лица, доколку имаат прашања за применувањето на оваа Политика или доколку имаат сознание за нејзино прекршување, да пријават до:

1. линискиот менаџер;
2. втората линија на менаџментот;
3. платформата AlkaSpeakUp, поставена на интернет-страницата на АЛКАЛОИД (www.alkaloid.com.mk), која дава можност за анонимно пријавување;
4. офицерот за корпоративна усогласеност (complianceofficer@alkaloid.com.mk или на телефонскиот број +38972918245).

Постапката за повреда на принципите за недискриминација и за промовирање различност, еднакви можности и инклузија се води според однапред утврдени правила и по спроведена истрага од надлежните тела во компанијата, а утврдените повреди на принципите за недискриминација и за промовирање различност, еднакви можности и инклузија се санкционираат од АЛКАЛОИД, во согласност со Кодот за етичко и деловно однесување и со релевантните внатрешни акти на компанијата.

АЛКАЛОИД цврсто се заложува и го застапува принципот за забрана на реваншизмот (non-retribution и non-retalia-tion), кој е превиден со Кодот за етичко и деловно однесување и со другите внатрешни акти на компанијата. Имено, секој оној кој ќе пријави повреда на оваа политика нема да трпи никакви негативни последици врз својот статус на вработување или врз другите загарантирани права и привилегии, доколку ја пријавил повредата со добра намера.

## Примена на Политиката

Оваа Политика се применува во сите капитално поврзани друштва на АЛКАЛОИД во државата и во странство.

---

[1] Оваа верзија на Политика за недискриминација и за промовирање различност, еднакви можности и инклузија на АЛКАЛОИД АД Скопје е во формат и дизајн за потребите на запознавање на јавноста со истата. Официјалната верзија на Политиката се чува во неговото седиште.

**АЛКАЛОИД АД Скопје**

Бул. Александар Македонски 12, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија

**www.alkaloid.com.mk**

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ